нооослободително и револуционерно движење од крајот на XVIII век до денешни дни.

Убедена сум дека овој Зборник со својата содржина ќе го предизвика вниманието не само на научната тукy и на пошироката јавност.

Надежда ЦВЕТКОВСКА

**МАКЕДОНСКО - РУСКИТЕ ВРСКИ ВО XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК**, Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје, 1996, 224.

XIX-от век е столетие на борби и настојувања за духовна , културна, просветна , народносна и политичка еманципација и афирмација на македонскиот народ.

Воедно, тоа е време кога големата словенска држава - Русија , врз основа на мировните договори (склучени со Османската држава) од 1774 година и 1829 година, се здобила со ексклузивно право на "заштитник на православните христијани" во Турција - станувај'и на тој начин, надеж и инспирација за ослободителниот настап на македонскиот и воопшто на балканскиот словенски свет.

Токму широкиот спектар од заемни односи, влијанија и интереси меѓу овие два словенски народи, присутни во XIX и во почетокот на XX век, третирани од страна на македонски и руски научни работници, аналитично и логички, сериозно и врз најнов архивски материјал, ја чини содржината на Зборникот "Македонско - руските врски во XIX и почетокот на XX век".

Истиот содржи вкупно 24 научни прилози и соопштенија на одделни македонски и руски историчари, учесници на Првиот македонско-руски научен собир одржан на 1 и 2 октомври 1991 година, во просториите на МАНУ - Скопје, како и научни прилози од меѓународните собири одржани во Москва (1989 година) и Цетиње (1991 година), тематски соодветни на публикацијата. Споменатиов научен собир во Скопје е организиран од страна на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија и е прв меѓународен научен собир организиран од негова страна. Конечно во 1996 година, пет години од орджувањето на собирот, Сојузот успеа, под редакција на д-р Александар Трајановски, да ги публикува материјалите, правејќи ги на тој начин достапни до научната и пошироката читателска јавност.

Културните, црковните, економските, политичките и дипломатските аспекти на македонско - руските врски се главните теми обработени во статиите и прилозите на Зборникот.

Етничката и јазичната сродност, истоверноста, историските традиции и интереси ги осмислувале и насочувале културните врски меѓу двата словенски народи. Овие дамнешни, но континуирани релации особено се интензивирале во средината на XIX век, време на значајни збиднувања и промени во Македонија и кога во "тогашната единствена слободна словенска и православна држава се школувале и дејствувале голем број ученици и студенти од Македонија" (с. 12). Влијанието на руската општествено-политичка и образовно-воспитна средина, врз вообликувањето на македонската културно-национална мисла , како и акциите на Македонците во Русија за остварување на идеата за единствена македонска држава се основните сегменти на воведниот реферат на академик Блаже Ристовски, со наслов : "Руско - македонските општествено - политички врски од Кримската војна до поделбата на Македонија" (12-26). Кон оваа (условно земено) тематска рамка - културни врски и односи, со осврт на извесни актуелни прашања и проблеми припаѓаат и рефератите на академиците: Виктор А.Куманев "Русија и Македонија: Историја и Современост" (27-34) и на Данчо Зографски "Македонско - руските врски и влијанија во средината на XIX век" (35-39), како и на д-р Славко Димевски "Културните врски на Русија со македонскиот народ кон средината на XIX век" (77-85); на д-р Ванчо Тушевски "Влијанието на руската културно - просветна литература врз творештвото на Јордан Константинов-Џинот" (185-196); и на д-р Боро Мокров "Журналистичката дејност на Рајко Жинзифов во Русија "(209-213).

Под мотото: "Мирољубието и братољубието основа на добрите врски" (протоѓакон) м-р Ратомир Гроздановски, со еден специфичен јазичен стил се осврнал на "Нашите вековни духовни врски со Руската православна црква" (40-53).

За економските врски и размена , пишува д-р Милка Здравева под наслов: "Врски на трговци од Македонија со Русија од крајот на XVIII и првите децении на XIX век" (92-96). Присуството само на овој прилог од областа на економските односи, ја покажува и скромноста во взаемната економска соработка, односно економската незаинтересираност на Русија за овие простори кои за неа имале само стратешко значење.

Словенскиот Балкан, а во тој контекст и Македонија, имал статус на подрачје кое требало да биде во функција на рускиот традиционален интерес за пристап кон Цариград, морските премини и излез на Средоземното Море. Оваа стратешка насоченост кон која целела руската надворешна политика била присутна за сето време на третираното столетие , независно од честите тактички варијации на руската балканска политика ( време на поддржување на Српското кнежевство; период на создавање на Егзархијата и голема Бугарија; време на истовремено

поддржување и на српските и на бугарските националистички и државни амбиции). Во ваквата политичка концепција на официјална Русија немало место за македонските интереси. "Во балканската политика на царска Русија никогаш не било присутно ниту како идеја, ниту како можност Македонија да се создаде како самостојна и независна држава, па дури не постои и како автономија во некоја од планираните балкански асоцијации" (с.55) - Ванче Стојчев "Македонското прашање во политиката на царска Русија од XVII до XX век" (54-71). Ни Горчаковата алтернатива од 1867 година, за разрешување на прашањето на поробените и зависни балкански народи, а во тој контекст и на македонскиот, преку создавање на нови треиторијални единици во Османската држава со "точно разграничување во географски, етнографски и религиозен однос", не доживеала практична примена. Во време на отворената Источна криза, согласно констелацијата во регионот и односите со другите големи сили "Руската дипломатија не покажа волја и не создаде интерес за поставување на Цариградската конференција на македонското прашање како посебно, македонско прашање "(107) - д-р Михајло Миноски "Ставот на Русија спрема македонското прашање на Цариградската конференција 1876 година" (97-107).

За руската надворешно-политичка концепција во однос на Балканот, по Берлинскиот конгрес, со конкретна определба за поделба на македонскиот етнички простор помеѓу постоечките државички на Полуостровот во случај на неможност одржување на балканскиот статус љуо, пишува д-р Јован Донев под наслов "Ставот на Русија кон македонското прашање при крајот на XIX и почетокот на XX век (1897-1903)" (119-129). Политиката на поделба и дипломатски игри околу Македонија се главна тема и во рефератите на Виктор И. Косик "Проблемот на Македонија и балканските држави кон крајот на XIX и почетокот на XX век (Константинопол, Премините и Македонија)" (86-91) и на Андреј Л. Шемјакин "Помеѓу Вардар и Јадран - Македонија во геополитичките планови на Србија (1914-1915)" (197-208).

Независно од строгите официјални ограничувања и негаторскиот третман на македонската национална проблематика, руските дипломатски претставници присутни на македонскиот терен, не можеле да не ја регистрираат вистината за Македонија. Врз основа на документи од Архивот на Министерството за надворешни работи на Русија (АВПР) д-р Растислав Терзиоски, пишува за "Посебноста на македонскиот народ во светлината на некои извештаи на руската дипломатија (крајот на XIX и почетокот на XX век)" (113-118).

Врз архивски документи од АВПР се темели и прилогот на д-р Красимира Илиевска со наслов "Од извештаите на руските конзули и вицеконзули во Битола во периодот од 1861 до 1883 година" (130-141).

За рускиот категоричен став, деклариран уште во 1897 година, против било какви револуционерни и воставички дејствија во Македонија, пишува д-р Маргарита Пешевска во прилогот "Русија и Илинденското востание " (167 -171).

Врз основа на најнови архивски истражувања направени во АВПР во Москва, д-р Александар Трајановски под наслов, "Жртвите и последиците од Илинденското востание во Битолскиот вилает според документацијата на Архивот за надворешна политика на Русија"(172-180), дава потресна слика за пустошот и суровата македонска реалност во дадениот момент.

За одгласот и третманот на "Македонското прашање во рускиот научно и општествено-политички печат (1900-1915)", пишува Лариса В. Шатилова (147-162).

За најсудбоносните години во животот на македонскиот народ проследени низ страниците на месечниот весник за литература, наука, историја, општествен живот и политика "Современик", во кој соработувале врвни руски творци и интелектуалци, пишува академик Манол Пандевски под наслов "Македонија и Балканските војни во петрогратското списание "Современик" во 1912-1913"(142-146).

Приведувајќи го при крај содржинскиот приказ на Зборникот, во кој се анализираат, иницираат и провоцираат интересни идеи и теми од доменот на взаемните македонско-руски односи, би ги спомենале и следниве разработени наслови: "Проектот на рускиот цар Александар и францускиот император Наполеон Бонапарта за поделба на Балканот и Македонија од 1808 до 1810 година" (72-76) од академик Александар Матковски; "Руската привремена администрација во Бугарија (1878-1879) и проблемот на згрижување на македонските бегалци од Македонско-Кресненското востание" (108-112) од м-р Марија Пандевска; "Тимотеј Димитриевич Флорински за Македонија и македонското прашање (Информативна иницијатива)"(163-166) од д-р Гане Тодоровски; "Ирина Григориевна Сенкевич во македонската историографија" (181-184) од м-р Катерина Наумоска; "Словенски ракописи од Македонија однесени во Русија до почетокот на XX век" (214-224) од д-р Михајло Георгиевски.

Разновидноста и богатството на прилозите и соопштенијата, листата на автори - македонски и руски, третираните проблеми и прашања ја чинат квалитативната димензија на зборникот "Македонско - руските врски во XIX и почетокот на XX век" кој топло ѝ го препорачуваме на научната и на пошироката читателска јавност.

Наташа КОТЛАР-ТРАЈКОВА